08-4140/2
20 -06- 2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-4140/1 од 30.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-4140/1 од 30.10.2021 година.

Предметот со број 08-4140/1 од 30.10.2021 година да се архивира.

Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-4140/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива. Од увидот во Службен весник на РСМ број 190/21, ДКСК утврди дека лицето ________________________ со решение број 14-8608/1 од 30.07.21021 е разрешена од функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ ________________________.

Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваната, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднела аанкетен лист до ДКСК. ДКСК на ____________________ и издаде прекршочен платен налог број 08-1845/6 од 15.06.2023 година за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во ДКСК. Прекршочната комисија со Решение број 14-212/3 од 01.04.2024 година ________________________________ ја огласи за одговорна и и изрече прекршочна санкција Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: С.Д., член на ДКСК